Врз основа на член 19 од Законот за јавните претпријатија(Сл.весник на РМ бр.38/96...64/2018), член 34 од Статутот на ЈП„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ“ Кавадарци(Сл.гласник на Општина Кавадарци бр.15/2018г.) и Одлуката за определување на зонско паркирање на подрачјето на град Кавадарци, Управниот Одбор на седница одржана на ден 05 .03.2020 година , донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ЈАВНИ ПАРКИРАЛИШТА СО НАПЛАТА

-пречистен текст 21.12.2021г.-

(03-860/3 од 05.03.2020г., 03-957/5 од 02.04.2020г., 03-1201/5 од 21.05.2020г., 03-1602/5 од 17.08.2020г., 03-2538/9 од 21.12.2021г.)

## I.ОПШТИ ОДРЕДБИ

### Член 1

Со овој Правилник се пропишуваат условите, начинот и постапката на издавање на повластена паркинг карта за јавни паркиралишта со кои управува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци (во понатамошниот текст ППК), видовите на повластени паркинг карти кои ги издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци, како и начинот на водење на евиденција на издадените паркинг карти.

## II. ВИДОВИ НА ППК

### Член 2

Согласно овој Правилник се утврдуваат следните видови на ППК и тоа: ОПШТИ ВИДОВИ ППК

1. ПКС – Повластена карта за станари на Општина Кавадарци
2. ПКССЛ – Повластена карта за станари кои користат службено возило за приватни цели
3. ПКССТ – Повластена карта за станари сопственици на странски возила
4. ПКР – Повластена карта за резервирано паркинг место
5. МПКПФ – Месечна паркинг карта за правни и физички лица
6. МПКП – Месечна паркинг картан за правни лица
7. ДПК – Дневна паркинг карта
8. МПКВ – Месечна паркинг карта за вработени
9. ГПК – Гостинска паркинг карта
10. ГПКИ – Годишна паркинг карта за инвалиди

ПОСЕБНИ ВИДОВИ ППК

1. ПКЕВ - Паркинг карта за корисници на електрични возила

ППК МОЖЕ ДА БИДЕ ИЗДАДЕНА СО ВРЕМЕТРАЕЊЕ НАЈДОЛГО ДО ЕДНА ГОДИНА, ВО ЗАВИСНОСТ ОД ПЕРИОДОТ НА ВАЖНОСТ НА КОРИСНИЧКИОТ ДОГОВОР.

## III. НАЧИН НА ИЗДАВАЊЕ НА ППК

### Член 3

ППК се издава врз основа на претходно поднесено писмено барање до Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци преку Архивата на јавното претпријатие со потребната документација доставена во прилог.

Барање за издавање на ППК може да поднесе секое физичко или правно лице, кое има намера да склучи кориснички договор со јавното претпријатие.

Поднесените барања за издавање на ППК Архивата ги доставува до стручните служби на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци.

Барањата за издавање на ППК поднесени преку Архивата на јавното претпријатие, во однос на исполнетост на условите се разгледуваат од страна на Комисија составена од вработени лица на јавното претпријатие.

## IV. ОДЛУЧУВАЊЕ ПО ПОДНЕСЕНО БАРАЊЕ ЗА ИЗДАВАЊЕ НА ППК ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ЈАВНО ПАРКИРАЛИШТЕ

### Член 4

Стручните служби на претпријатието за секое поднесено барање одлучуваат во рок од 10 работни дена од денот на неговото поднесување до Архивата.

Поднесеното барање може да биде прифатено или одбиено, во зависност од тоа дали се исполнети услови за издавање на ППК.

### Член 5

Подносителот на барањето кое е одобрено е должен да го потпише договорот во рок од 10 работни дена од денот на неговото одобрување.

Доколку подносителот на барањето не го потпише договорот во рокот определен во став 1 од овој член ќе се смета дека барањето воопшто не е поднесено.

Подносителот на барањето при склучувањето на корисничкиот договор е должен да ги достави сите потребни документи на увид, со цел да се утврди нивната веродостојност и исполнетост на условите за склучување на корисничкиот договор.

Откако ќе се утврди исполнетост на условите за склучување на кориснички договор и откако ќе се изврши уплата на надоместок определен за соодветната услуга, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци и корисникот на услугите пристапуваат кон склучување на договор за користење на јавно паркиралиште со наплата.

Правото на користење на поволностите се остваруваат по потпишувањето и подигнувањето на корисничкиот договор.

Во зависност од склучениот договор за користење на јавно паркиралиште со наплата се издава и повластена паркинг карта, со период на важност како и корисничкиот договор.

Во договорот детално се определуваат правата и обврските на двете договорни страни.

Член 5-а

Корисниците кои се стекнале со правото на користење на поволностите, можат да извршат одјава-пријава на возилото за кое е издадена повластената паркинг карта најмногу до 2(два) пати за време на траењето на корисничкиот договор.

Доколку корисникот сака да изврши одјава-пријава на возилото должен е да поднесе пополнет образец преку Архивата на јавното претпријатие со потребните документи за возилото утврдени за соодветниот тип на паркинг картата доставени во прилог на пријавата.

Правото за користење на поволностите на пријавеното возило корисникот може да ги користи по одобрување на пријавата која е составен дел на корисничкиот договор.

Доколку корисникот врши одјава-пријава на возила од различна категорија во однос на цената утврдена согласно тарифата за цени, ќе важи повисоката утврдена цена.

Член 6

Подносителот на барањето кое е одбиено, има право на консултација во врска со донесената одлука од страна на стручните служби на претпријатието.

Консултација во врска со одбиено барање се врши преку Контакт центарот на јавното претпријатие секој работен ден во недела.

Консултацијата по одбиеното барање се врши со Раководителот на Секторот за јавни паркиралишта или друго лице вработено во претпријатието, претходно овластено од Директорот на претпријатието.

Доколку подносителот на веќе еднаш одбиено барање, поради променети околности ги исполни условите за склучување на кориснички договор со јавното претпријатие, истиот има право да поднесе повторно барање до Архивата на јавното претпријатие.

V. ЗАЕДНИЧКИ ОДРЕДБИ ЗА ОПШТИТЕ ВИДОВИ НА ППК

Член 7

Договорот за користење на јавно паркиралиште со наплата може да биде со времетраење најдолго до една година, а конкретното времетраење на договорот се определува во моментот на склучување на истиот.

Период на важност на издадената повластена паркинг карта е со определено времетраење во зависност од важноста на корисничкиот договор, со можност за обновување.

Доколку корисникот сака да го обнови годишниот договорот, должен е да го обнови истиот најрано во рок од 30 дена пред денот на истекот на важноста на тековниот договор, а најдоцна во рок од 10 дена пред денот на истекот на важноста на склучениот договор.

Доколку корисникот сака да го обнови месечниот договорот, должен е да го обнови истиот во период од 8 дена пред истекот на договорот за тековниот месец за користење на услугите за наредниот месец, а најдоцна во рок од 3 дена пред денот на истекот на важноста на склучениот договор.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во став 3 и 4 од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Овластеното лице од страна на претпријатието може да го обнови корисничкиот договор на корисникот, под услов корисникот да нема неплатен долг кон јавното претпријатие и сеуште да ги исполнува бараните услови за конкретниот вид на повластена паркинг карта. Раскинување на договор за издадената ППК се врши со поднесување на писмено барање до архивата на јавното претпријатие со наведување на датумот на престанок. Во таков случај, корисникот на јавното паркиралиште е должен да го плати надоместокот за тековниот месец.

Член 8

Доколку настанат променети околности на страната на корисникот на јавното паркиралиште, истиот е должен ВЕДНАШ, а најдоцна во рок од 3 дена од денот на променетите околности да го извести јавното претпријатие, со што ќе се смета дека корисникот го продолжил договорот со рок на важност како и основниот договор, а доколку по променетите околности корисникот не ги исполнува условите за користење на поволностите договорот за користење на услугите престанува да важи.

## VI. ЕВИДЕНЦИЈА НА ИЗДАДЕНИ ППК

Член 9

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци води единствен регистар на издадени повластени паркинг карти и склучени

кориснички договори. Регистарот за издадени повластени паркинг карти и склучени кориснички договори се состои од досие за корисник на повластена паркинг карта што ги содржи единствено неопходните податоци, кои се предмет на обработка од страна на претпријатието, а во врска со остварување на корисничките права определени со склучениот договор. Податоците за корисниците со кои располага јавното претпријатие се заштитени и се обработуваат во согласност со Законот за заштита на личните податоци.

## VII. УСЛОВИ ЗА ИЗДАВАЊЕ ППК

### Член 10

Услови кои треба да ги исполнува подносителот на барањето за издавање на повластена паркинг карта, како и документите кои треба да се достават на увид при склучување на договорот се утврдени во зависност од видот на повластената паркинг карта.

## VIII. ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ И ПОТРЕБНИ ДОКУМЕНТИ ЗА ИЗДАВАЊЕ

## VIII.1 ПКС - ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ ЗА СТАНАРИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ

### Член 11

Паркинг карта за станари (ПКС) можат да добијат единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Кавадарци кои поседуваат стан во опфат на подзоната и поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начинот на докажување за исполнетост на условите за издавање на Паркинг карта за станари се докажува со приложување на имотен лист за станот кој се наоѓа во опфат зонското паркирање, валидна лична карта од подносителот на барањето во која како живеалиште е наведено Општина Кавадарци, односно адеса на живеење во опфат на зоната за која се бара ПКС и сообраќајна дозвола за возилото во сопственост на подносителот на барањето или полномошно за управување со возилото заверено на нотар под услов и властодавецот и полномошникот да се жители на Општина Кавадарци, а властодавецот да е сопственик на возилото-предмет на корисничкиот договор и да се во прва линија сродство, како и доказ за исполнување на дополнителните услови утврдени за конкретниот вид на паркинг карта.

Во согласност со ставот 2 од овој член на основа на еден имотен лист може да се склучи договор за ПКС за прво, второ и трето возило со македонски регистарски таблици, односно прво и второ возило со странски регистарски таблици, а доколку

покрај пријавено возило со македонски регистарски таблици се бара ПКС за возило со странски регистарски таблици, ќе се смета како прво странско возило.

Член 12

По исклучок, ПКС може да се издаде и на физичко лице – жител на Општина Кавадарци со постојано место на живеење во подзоната, кое што нема сопствено возило, но користи службено возило за приватни цели. Во тој случај како доказ за исполнетост на условите, дополнително потребно е да се достави и Тековна состојба за правното лице издадена од ЦРМ, Копија од М1/М2 образец и овластување за управување на возилото.

Член 13

Корисниците на ПКС може да ги користат јавните паркиралишта без временско ограничување во резидентните улици и паркиралишта со кои стопанисува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци во опфат на паркинг секторот каде што корисниците имаат живеалиште односно зоните за кои е склучен договорот.

Член 14

Корисниците на ПКС не може да ги користат јавните паркиралишта, резидентните улици и паркиралишта во различен паркинг сектор од секторот за кој е издадена ПКС, катна гаража и јавните паркиралишта од затворен тип освен доколку истите се во опфат на издадена ПКС,

Член 15

Јавните паркиралишта, резидентните улици и паркиралишта во различен паркинг сектор од секторот за кој е издадената ПКС истите може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

Член 16

Во зависност од условите коишто ги исполнуваат корисниците, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци на станарите на Општина Кавадарци може да им издаде еден од следните подвидови на ПКС и тоа:

1.- ПКС – повластена паркинг карта за станари на Општина Кавадарци според личната карта или потврда за престој

2.- ПКССЛ – повластена паркинг карта за станари на Општина Кавадарци според личната карта или потврда за престој кои користат службено патничко моторно возило за приватни цели.

3.-ПКССТ – повластена паркинг карта за станари на Општина Кавадарци според личната карта или потврда за престој кои поседуваат странско патничко моторно возило

## VIII.2.ПКС – ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА СТАНАРИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СПОРЕД ЛИЧНАТА КАРТА ИЛИ ПОТВРДА ЗА ПРЕСТОЈ

### Член 17

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за станари на Општина Кавадарци за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКС, кои се доставуваат на увид се:
- имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот),
-важечка лична карта со адреса во зоната за која се бара ПКС,
-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ, а доколку не е сопствено возилото и полномошно од сопственикот на возилото за управување на истото.

Времетраењето на важноста на издадената ПКС се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

Плаќањето на определениот годишен/месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат, а доказ за извршената уплата треба да се достави до Архивата на јавното претпријатие.

Корисникот е должен годишниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на ПКС на конкретен корисник за прво, второ и трето возило во негова сопственост или со полномошно за истото заверено на нотар, со единствена разлика во однос на надоместокот за користење на услугите на јавното претпријатие, а во согласност со одредбите од член 11 од овој правилник. За едно возило може да се издаде само една ПКС.

Корисникот на ПКС има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот каде што истиот има живеалиште, односно зоните за кои е склучен договорот.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ПКС може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.3.ПКССЛ - ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА СТАНАРИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СПОРЕД ЛИЧНАТА КАРТА ИЛИ ПОТВРДА ЗА ПРЕСТОЈ, КОИ КОРИСТАТ СЛУЖБЕНО ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО ЗА ПРИВАТНИ ЦЕЛИ.

Член 18

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата и издавање на повластена паркинг карта – ПКС за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКССЛ, кои се доставуваат на увид се:
- имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот),
-важечка лична карта со адреса во зоната или пријавено престојувалиште во зоната за која се бара ПКС,
-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ, а доколку не е сопствено возилото и полномошно од сопственикот на возилото за управување на истото.
- Тековна состојба за правното лице издадена од ЦРМ (Не постара од 6 (шест) месеци)
- овластување за управување на возилото,
- M1/M2 образец

Времетраењето на важноста на издадената ПКССЛ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

Плаќањето на определениот годишен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен годишниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Жител на Општина Кавадарци кој користи службено возило за приватни цели може да поднесе барање за издавање на ПКССЛ доколку истото го користи за приватни цели.

Условите за издавање на ПКССЛ треба да бидат кумулативно исполнети, односно корисникот да е жители на Општина Кавадарци со постојано место на живеење во подзоната и да е вработен во правен субјект.

По исклучок доколку подносителот на барањето за ПКССЛ е жител во истиот паркинг сектор каде се наоѓа и седиштето на правниот субјект во кој е вработен, ќе се смета дека не ги исполнува условите за издавање на ПКССЛ, освен ако подносителот истовремено е и управител на правното лице.

Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на ПКССЛ на конкретен корисник само за прво и второ службено возило.

На основа на еден имотен лист може да се пријават покрај приватните возила и најмногу две службени возила, прво и второ службено ПМВ.

Корисникот на ПКССЛ има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот каде што истиот има живеалиште, односно зоните за кои е склучен договорот.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ПКССЛ може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.4.ПКССТ - ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА СТАНАРИ НА ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СПОРЕД ЛИЧНАТА КАРТА ИЛИ ПОТВРДА ЗА ПРЕСТОЈ, КОИ ПОСЕДУВААТ СТРАНСКО ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО.

Член 19

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за станари на Општина Кавадарци за издавање на ПОВЛАСТЕНА ПАРКИНГ КАРТА – ПКССТ, кои се доставуваат на увид се:

- имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот),
-важечка лична карта со адреса во зоната или пријавено престојувалиште во зоната за која се бара ПКС,
-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ, а доколку не е сопствено возилото и полномошно од сопственикот на возилото за управување на истото.

Времетраењето на важноста на издадената ПКССТ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

Плаќањето на определениот годишен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен годишниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на ПКССТ на конкретен корисник само за прво и второ возило во негова сопственост или со полномошно за истото заверено на нотар, со единствена разлика во однос на надоместокот за користење на услугите на јавното претпријатие, а во согласност со одредбите од член 11 од овој правилник. За едно возило може да се издаде само една ПКССТ.

Корисникот на ПКССТ има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот каде што истиот има живеалиште, односно зоните за кои е склучен договорот.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ПКССТ може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.5. МПК – МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА

### Член 20

Месечна паркинг карта (МПК) можат да добијат физички и правни лица кои што поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член. Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на МПК е валидна лична карта, како и сообраќајна дозвола за патничко моторно возило во сопственост на подносителот на барањето за издавање на МПК или полномошно за управување со патничкото моторно возило заверено на нотар, од кое полномошно може да се утврди исполнетоста на условите за издавање на МПК, како и намената и целта на даденото полномошно и тековна состојба на правното лице.

### Член 21

Во зависност од условите коишто ги исполнуваат корисниците, Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци на физичките и правните лица може да им издаде еден од следните подвидови на МПК и тоа:

1.МПКПС – месечна паркинг карта за правни субјекти во Општина Кавадарци според седиштето или подружницата кои имаат во сопственост патничко моторно возило.

2.МПКПФ – месечна паркинг карта за правни и физички лица кои имаат во сопственост патничко моторно возило.

3.ММПКС – месечна мобилна паркинг карта за правни лица-сервисери во Општина Кавадарци кои имаат во сопственост патничко моторно возило.

4.МПКСТ – месечна паркинг карта за станари во Општина Кавадарци, кои според адреса на живеење не се во опфат на зонско паркирање, но имаат сопствен стан или стан под наем во опфат на зоната.

## VIII.6..МПКПС - МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ ЛИЦА ВО ОПШТИНА КАВАДАРЦИ СПОРЕД СЕДИШТЕТО ИЛИ ПОДРУЖНИЦАТА КОИ ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

### Член 22

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за правни лица во Општина Кавадарци според седиштето или адресата на подружницата за издавање на МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ ЛИЦА – МПКПС, кои се доставуваат на увид се:

- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на корисникот
- Тековна состојба издадена од ЦРМ (Не постара од 6 (шест) месеци) со адреса на седиштето на правното лице или подружницата во зоната за која се бара МПКПС.
- Овластување издадено од правното лице за физичкото лице потписник на договорот за користење на МПКПС.
-важечка лична карта на потписник на договорот за користење на МПКПС.

Времетраењето на важноста на издадената МПКПС се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до еден месец.

Плаќањето на определениот месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен месечниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, секој месец, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Корисникот на МПКПС има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот каде што истиот има седиште.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на МПКПС може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.7.МПКПФ – МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА КОИ ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

### Член 23

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за правни лица и физички лица, за издавање на МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА – МПКПФ, кои се доставуваат на увид се:

За физички лица:

-важечка лична карта , -важечка сообраќајна дозвола за ПМВ

За правни лица:

- тековна состојба издадена од ЦРМ (Не постара од 6 (шест) месеци), -важечка сообраќајна дозвола за ПМВ, - овластување издадено од правното лице за физичкото лице потписник на договорот за користење на МПКПФ, -важечка лична карта на потписник на договорот за користење на МПКПФ.

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци има предвидено 3 вида МПКПФ и тоа:

1.МПКПФ-АБЦ која важи за паркирање во сите зони и подзони на јавните паркиралишта,

2.МПКПФ-БЦ која важи за паркирање во целата Б и Ц зона на јавните паркиралишта, и

3.МПКПФ-Ц која важи за паркирање во целата Ц зона на јавните паркиралишта,

Времетраењето на важноста на издадената МПКПФ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до еден месец.

Плаќањето на определениот месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен месечниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, секој месец, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати месечниот надомест за наредниот месец во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Корисникот на МПКПФ има право да ги користи јавните паркиралишта од паркинг секторот за кои е издадена МПКПФ.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на МПКПФ може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.7-а. ММПКС – МЕСЕЧНА МОБИЛНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ ЛИЦА-СЕРВИСЕРИ КОИ ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

### Член 23-а

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за правни лица-сервисери во Општина Кавадарци за издавање на МЕСЕЧНА МОБИЛНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ ЛИЦА-СЕРВИСЕРИ – ММПКС, кои се доставуваат на увид се:

- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на корисникот

- Тековна состојба издадена од ЦРМ (Не постара од 6 (шест) месеци) со адреса на седиштето на правното лице или подружницата во зоната за која се бара МПКПС.

- Овластување издадено од правното лице за физичкото лице потписник на договорот за користење на ММПКС.

-важечка лична карта на потписник на договорот за користење на МПК-ПЛС.

МПК-ПЛС се издава на правни лица кој како дејност се регистрирани за вршење сервис кое се докажува со приложената тековна состојба издадена од ЦРМ.

Времетраењето на важноста на издадената ММПКС се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до еден месец.

Плаќањето на определениот месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен месечниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, секој месец, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Корисникот на ММПКС има право да ги користи јавните паркиралишта од паркинг секторот за кои е издадена ММПКС.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ММПКС може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

### III.7-б. МПКСТ – МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА СТАНАРИ КОИ ИМААТ СТАН ВО ОПФАТ НА ЗОНСКО ПАРКИРАЊЕ И ИМААТ ВО СОПСТВЕНОСТ ПАТНИЧКО МОТОРНО ВОЗИЛО

#### Член 23-б

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за станари на Општина Кавадарци за издавање на МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА СТАНАРИ - МПКСТ, кои се доставуваат на увид се:

-имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот),

-важечка лична карта со адреса во Општина Кавадарци или пријавено престојувалиште во Општина Кавадарци за која се бара МПКСТ,

-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ, а доколку не е сопствено возилото и полномошно од сопственикот на возилото за управување на истото.

Времетраењето на важноста на издадената МПКСТ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до еден месец.

Плаќањето на определениот месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен месечниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, секој месец, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на МПКСТ на основа на еден имотен лист, на конкретен корисник замо за прво и второ станарско возило.

Корисникот на МПКСТ има право да ги користи јавните паркиралишта од паркинг секторот за кои е издадена МПКСТ.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на МПКПС може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.8. ДПК-ДНЕВНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА

### Член 24

Дневната паркинг карта (ДПК) ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, и може да се издаде на физички и правни лица коишто поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ДПК е валидна лична карта, како и сообраќајна дозвола за патничко моторно возило.

### Член 25

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за правни лица и физички лица, за издавање на ДНЕВНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ПРАВНИ И ФИЗИЧКИ ЛИЦА – ДПК, кои се доставуваат на увид се:

За физички лица:

-важечка лична карта

-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ

За правни лица:

-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ

- овластување издадено од правното лице за физичкото лице потписник на договорот за користење на ДПК.
-важечка лична карта на потписник на договорот за користење на ДПК.

Времетраењето на важноста на издадената ДПК е со важност од 24 часа од моментор на издавањето.

Плаќањето на определениот надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен надомест да го уплати пред издавањето на ДПК, со цел непречено користење на услугите.

Корисникот на ДПК има право да ги користи јавните паркиралишта од паркинг секторот во сите зони и подзони за време на важноста на ДПК.

## VIII.9.ГПК – ГОСТИНСКА ПАРКИНГ КАРТА

### Член 26

Гостинска паркинг карта (ГПК) ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, и може да се издаде единствено оние физички лица коишто се жители на Општина Кавадарци кои поседуваат стан во опфат на подзоната,

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ГПК е: -имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот).
-валидна лична карта во која како живеалиште е наведено Општина Кавадарци или има пријавено престојувалиште во Општина Кавадарци.

### Член 27

Потребни документи за издавање ГОСТИНСКА ПАРКИНГ КАРТА за користење на јавно паркиралиште со наплата за физички лица коишто се жители на Општина Кавадарци кои поседуваат стан во опфат на подзоната, кои се доставуваат на увид се:

-потполнета Пријава во која се наведуваат податоци за баратлот на услугата, зоната во која се бара ГПК, попдатоци за возилото за кое се бара ГПК како и периодот за кој треба да биде издадена ГПК;

-упалтница како доказ за извршена уплата за паркинг услугата во износ согласно тарифата за издавање ГПК;

-имотен лист од станот не постар од 6 месеци во сопственост на подносителопт на барањето или договор за закуп на станот заверен на нотар односно договор за послуга заверен на нотар(прилог кон овој договор задолжително и имотниот лист од станот).

-важечка лична карта од подносителот на барањето;

Времетраењето на важноста на издадената ГПК се определува во согласност со извршената уплата и пријавата во која е определен периодот за издавање ГПК.

Плаќањето на определениот надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен надоместокот да го уплати пред поднесување на пријавата, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати надоместокот нема да му биде издадена ГПК.

Корисникот на ГПК има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот за каде што е издадена ГПК.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ГПК може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.10.ПКРП-ПАРКИНГ КАРТА ЗА РЕЗЕРВИРАН ПАРКИНГ

### Член 28

Паркинг карта за резервиран паркинг (ПКРП) ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, и можат да добијат правни лица пред деловното седиште и корисничко право во зоната, а коишто поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКРП е тековна состојба, како и сообраќајна дозвола за патничко моторно возило.

### Член 29

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата во Општина Кавадарци според седиштето или адресата на подружницата за издавање на ПАРКИНГ КАРТА ЗА РЕЗЕРВИРАН ПАРКИНГ – ПКРП, кои се доставуваат на увид се:

- Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на корисникот
- Тековна состојба издадена од ЦРМ (Не постара од 6 (шест) месеци) со адреса на седиштето на правното лице или подружницата во зоната за која се бара ПКРП.
- Овластување издадено од правното лице за физичкото лице потписник на договорот за користење на ПКРП.
-важечка лична карта на потписник на договорот за користење на ПКРП.

Времетраењето на важноста на издадената ПКРП се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

Плаќањето на определениот годишен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен годишниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Одредбите од овој член се однесуваат за издавање на ПКРП на конкретен корисник и истиот може да пријави листа од повеќе ПМВ кои ќе го користат резервираното паркинг место.

Корисникот на ПКРП има право да го користи само точно определеното паркинг место, определено од организаторот на парирањето.

Корисникот на ПКРП има право определеното паркинг место дополнително да го означи со поставување на информативна табла до обележаното паркинг место со ознака „резервирано" , на сопствен трошок.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на ПКРП може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## VIII.11.МПКВ – МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ВРАБОТЕНИ

### Член 30

Месечната паркинг карта за вработени (МПКВ) ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта ,,ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, и може да се издаде на физички лица вработени во правен субјект кој со седиште гравитира во паркинг зоните, а коишто поседуваат патничко моторно возило во нивна сопственост или по исклучок доколку користат патничко моторно возило за кое им е издадено полномошно за управување со патничко моторно возило од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на МПКВ е доказ за работен однос валидна лична карта, како и сообраќајна дозвола за патничко моторно возило.

### Член 31

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за физички лица вработени во правен субјект кој со седиште гравитира во паркинг зоната, за издавање на МЕСЕЧНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ВРАБОТЕНИ – МПКВ, кои се доставуваат на увид се:

-важечка лична карта

-важечка сообраќајна дозвола за ПМВ

-потврда за работен однос и М1М2 образец

Времетраењето на важноста на издадената МПКВ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до еден месец.

Плаќањето на определениот месечен надоместок може да се изврши преку овластена банка, како и преку електронски пат.

Корисникот е должен месечниот надомест да го уплати пред склучувањето односно пред продолжување на договорот, секој месец, со цел непречено користење на услугите.

Доколку корисникот не го уплати месечниот надомест за наредниот месец во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

Корисникот на паркинг карта за вработени (МПКВ) има право да ги користи јавните паркиралишта единствено од паркинг секторот кој му е определен од давателот на услугата исклучиво во зона Б и Ц.

Останатите јавни паркиралишта со кои управува претпријатието, корисникот на МПКВ може да ги користи под општите услови за користење на јавните паркиралишта.

## X. – ПОСЕБНИ ВИДОВИ НА ПОВЛАСТЕНИ ПАРКИНГ КАРТИ

### X.1.ПКЕВ - ПАРКИНГ КАРТА ЗА СОПСТВЕНИЦИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА

Член 32

Паркинг карта за сопственици на електрични возила (ПКЕВ) се однесува за возила кои се движат само на електричен погон, и ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци, и можат да ја добијат физички и правни лица коишто поседуваат електрично возило кое се движи само на

електричен погон во нивна сопственост или по исклучок доколку користат електрично возило кое се движи само на електричен погон за кое им е издадено полномошно за управување со возилото од сопственикот на возилото, во согласност со условите определени во овој член.

Начин на докажување за исполнетост на условите за издавање на ПКЕВ е валидна лична карта, како и сообраќајна дозвола за патничко моторно возило.

Член 33

Потребни документи за склучување Договор за користење на јавно паркиралиште со наплата за правни и физички лица во Општина Кавадарци за издавање на ПАРКИНГ КАРТА ЗА СОПСТВЕНИЦИ НА ЕЛЕКТРИЧНИ ВОЗИЛА – ПКЕВ, кои се доставуваат на увид се:

1. Потребни документи кои се доставуваат на увид при склучување на договор со физичко лице сопственик на електрично возило кое се движи само на електричен погон се:

- Лична карта, - Сообраќајна дозвола за возилото издадена од надлежен орган во сопственост на корисникот, како и полномошно за возилото доколку не сопствено.

2. Потребни документи кои се доставуваат на увид при склучување на договор со правно лице сопственик на електрично возило кое се движи само на електричен погон се:

- Тековна состојба(не постара од 6 (шест)месеци), - Сообраќајна дозвола за ПМВ издадена од надлежен орган во сопственост на правното лице како и полномошно за возилото доколку не сопствено и - Овластување од правното лице издадено за физичкото лице потписник на договорот за користење на ПКЕВ.

Времетраењето на важноста на издадената ПКЕВ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

Корисниците на ПКЕВ може да ги користат отворените и затворените јавни паркиралишта од комерцијален тип со кои стопанисува Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, но не и резервираните паркинг места и паркинг местата означени на инвалиди.

Физичкото лице сопственик на електрично возило може да добие само една ПКЕВ за конкретно возило.

Доколку корисникот не го уплати годишниот надомест за наредната година во рокот предвиден во член 7 од овој правилник истиот нема да му биде продолжен.

Доколку корисникот не го обнови договорот во рокот определен во претходниот став од овој член, наредното склучување на договорот ќе се смета за прво склучување на договор, под истите услови и на истиот начин како прво склучување на договор.

## X.2.ГПКИ – ГОДИШНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ИНВАЛИДИ

Член 34

Годишна паркинг карта за инвалиди (ГПКИ) ја издава Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ" Кавадарци, и може да им се издаде на лица заболени од дистрофија, мултиплекс склероза, церебрална парализа, параплегија, хемиплегија, квадриплемија, детска парализа (полиомиелитис), слепите лица со оштетување на видот над 90%, лица на дијализа и лица со ампутација на рака или нога со признато телесно оштетување од 80% утврдено со акт на надлежната комисија во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за патничко моторно возило, за коешто се приложува соодветен документ.

Годишна паркинг карта за инвалиди (ГПКИ) се издава на лице со инвалидитет и има возило во своја сопственост, а по исклучок ГПКИ може да се издаде и на лице кое е во прва линија сродство со лицето со инвалидитет.

Давателот на услугата еднаш годишно објавува јавен оглас со кој ги повикува лицата со посебни потреби, да поднесат барање за повластено користење на услугите за наредната година. По поднесените барања ќе одлучува комисија составена од овластени лица од давателот на услугата и Општина Кавадарци.

Член 35

Потребни документи за издавање ГОДИШНА ПАРКИНГ КАРТА ЗА ИНВАЛИДИ за користење на јавно паркиралиште со наплата, кои се доставуваат на увид се:

-потполнето Барање во која се наведуваат податоци за баратлот на услугата, попдатоци за возилото за кое се бара ГПКИ;

- важечка лична карта од подносителот на барањето, а по потреба и доказ за сродство;

-копија од сообраќајна дозвола;

-инвалидска книшка на увид;

-потврда од матичен лекар со точно наведена дијагноза во оригинал, не постара од 1(еден) месец;

-ПИОМ решение за степен на телесно оштетување на увид;

-лекарски наод од специјалист на увид;

Времетраењето на важноста на издадената ГПКИ се определува во согласност со времетраењето на склучениот договор, но најдолго со период на важност до една година.

ГПКИ за лица со инвалидитет е бесплатна.

## XI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 36

За корисниците кои имаат склучено кориснички договори за користење на јавните паркиралишта со кои управува јавното претпријатие, пред денот на донесувањето на овој правилник важат условите кои важеле во моментот на склучување на договорот , а условите предвидени во овој правилник ќе важат за склучување на договорите по донесувањето на овој правилник и при продолжување на веќе постоечките договори.

Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци го задржува правото да го раскине корисничкиот договор во случај на утврдени нарушувања на правата и обврските определени со склучените кориснички договори.

Член 37

Повластена паркинг карта не се издава на нерегистрирано, напуштено, хаварисано и возило без регистарски таблички.

Член 38

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување од страна на Управниот одбор на Јавното претпријатие за јавни паркиралишта „ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ” Кавадарци и по добиена согласност од Советот на Општина Кавадарци.

**Бр.03-860/3**
**05.03.2020 година**
**Кавадарци**

**Јавно претпријатие за јавни паркиралишта**
**„ПАРКИНГ КАВАДАРЦИ,, Кавадарци**
**Претседател на Управен Одбор**
**Зоран Бањански**